*THE SPIRIT OF COMMUNITY: RIGHTS, RESPONSIBILITIES, AND THE COMMUNITARIAN AGENDA. By Amitai Etzioni. New York: Crown Publishers, Inc., 1993.*

Во 1990 година, на иницијатива на авторот на книгата пред нас, се собира група од петнаесеттина граѓани претежно научници од областите на општествените науки со цел заедно да ја анализираат состојбата во американското општетство. Притоа одлучуваат да поттикнат акција, односно движење кое го нарекуваат „Заедничарско движење“ (Communitarian movement), а членовите на движењето се нарекуваат „заедничари“ (communitarians). Основните сознанија и идеи на движењето Амитаи Ециони ги изнесува во оваа книга.

Во првиот дел од книгата насловен *ЗАЦВРСТУВАЊЕ НА МОРАЛОТ* (Shoring Up Morality) е изнесена состојбата во американското општество. САД, според заедничарите, денес се соочуваат со сериозни и нималку наивни проблеми како што се слабеењето на личниот и јавниот морал, слабеењето на семејството како една од централните општествени институции и се поголемото губење на неговите функции, постојаниот пораст на и онака високите стапки на криминалот, ширењето на корупцијата во политичките кругови итн. Доаѓајќи до овие сознанија „заедничарите“ сметаат дека излезот од таквата ситуација лежи во силно општествено движење чија заложба ќе биде зголемување на личниот и јавниот морал, јавната одговорност и засилување на јавниот интерес. Како да се зацврсти моралот, да се подигне моралниот глас, како што тоа го вели авторот, и јасно да се истакнат спецификите на „Заедничарското движење“ е прашање кое бара сеопфатни одговори. Притоа, една од преокупациите на „заедничарите“ е при нудењето одговори да не се западне во моралистички конзервативизам од религиозен карактер и авторитарно десничарење од една страна, и од друга, да не се дозволи индивидуализмот – како една од основните одлики на „американскиот дух“ – да премине во радикализам кој постојано „изумува“ нови права кои наводно водат кон зголемување на личните, граѓанските права и слободи, но притоа „заборава“ на обврските кон другите членови на заедницата, кои тие права ги носат со себе. „Осумдесеттите беа декада во која ‘ЈАС–то’ беше напишано

со големи букви, во кои славењето на сопственото стана доблест. (Тоа не е единствен период бидејќи таквите тенденции одат далеку и длабоко во нашата национална историја.) Сега е време за пресврт во јавното мнение. Сега е време за реконструкција, во која ние ставаме нова нагласка на 'НИЕ', на вредностите кои ги споделуваме, на духот на заедницата."[1] Ниедно општество, смета авторот, не може да функционира се додека повеќето негови членови доброволно не почнат да водат сметка за моралните обврски и јавната одговорност.

Еционi смета дека моралната реконструкција на американското општество е можна преку повторно зацврснување на семејството, т.е. враќање на моралното воспитание на децата, кои треба да се негов стожер, во негови рамки наместо тоа да биде препуштено на други институции. Следниот чекор во моралната реконструкцуја е создавањето услови училиштето да ја добие својата вистинска улога – едукација на креативни и морално здрави млади личности, наместо проста трансмисија на знаења и вештини.

Една од клучните институции на американското општество, без чија реконструкција не би била можна и реконструкција на другите сегменти на општеството, се заедниците за кои Еционi вели дека се како мaѓионичарски кинески кутии кои влегуваат една во друга. Помалите заедници, семејството и соседството се сместени во поголемите, пошироките заедници, селата и градовите, кои пак се сместени во уште пошироки, посеопфатни заедници, националните и наднационалните. Опишувајќи ја состојбата на заедниците во американското општество Еционi истакнува: „Накратко, нашето општество не е ниту без заедница ниту пак достатно заедничарско; тоа не е ниту gemeinschaft ниту пак gesellschaft, туку мешавина на двете социолошки состојби. На Америка не ѝ е потребно просто враќање кон gemeinschaft, кон традиционалната заедница. Современата економија однапред го исклучува таквиот преврат, но дури тоа и да е можно, таквото враќање би било непожелно бидејќи традиционалните заедници беа премногу ограничувачки и авторитарни. Таквите традиционални заедници обично беа хомогени. Она што сега ни е потребно се за-

1 Amitai Etzioni. The Spirit of Community: Rights, Responsibilities, an the Community Agenda. New York: Crown Publishers, Inc., 1993, стр. 25

едници кои ја балансираат различноста и заедништвото."[2] До такви заедници може да се дојде доколку се преземат одредени мерки за зацврстување на заедничарството, како на пример редизајнирањето на физичката околина со цел таа да биде што попријатна за заедницата, негувањето и поттикнувањето на доброволните ангажмани кои што не ја тривијализираат и залудно трошат довербата на граѓаните во заедницата, разрешувањето на конфликтите помеѓу потребите на кариерата и стегите на заедницата и други мерки.

Вториот дел на книгата, *ПРЕМНОГУ ПРАВА, ПРЕМАЛУ ОДГОВОРНОСТ* (Too Many Rights, Too Few Responsibilities), изобилува со конкретни примери кои се однесуваат на прашањето на граѓанските права и слободи. Моралниот и општествениот поредок, според авторот, е загрозен, не само поради високата стапка на криминал, корупција и слично, туку и поради настојувањата на десничарите и конзервативците за враќање кон некои поранешни состојби од една страна и, од друга страна, залагањата на радикалите за апсолутна неприкосновеност на индивидуалноста и постојаното „изумување" нови права кои, поради се поголемата ЈАС центричност, забораваат на обврските кон заедницата. Напорот на „заедничарите" е насочен кон тоа, преку постојано преиспитување на постојните законски одредби и нивно усогласување со актуелните потреби и други мерки, да се повлече јасна линија помеѓу „дај ми" пристапот и прашањето што и колку може секој поединец да придонесе за својата заедница.

*ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС* (The Public Interest) е насловот на третиот дел на книгата во кој авторот го анализира политичкиот систем во САД. Тој, истакнува Еционии, поради својата подложност на корупција е еден од генераторите на кризата на моралот во американското општество. Процесот на донесување одлуки, од локално па до национално ниво, е под силно влијание на групите за притисок кои борејќи се за своите цели (неретко и на штета на јавниот интерес), и користејќи ги слабостите на системот придонесуваат за таквата состојба. Според „заедничарите" неопходни се итни мерки кои нема да бидат од козметичка туку од реформска природа, кои ќе го засилат јавниот интерес на

2 Amitai Etzioni, op. cit. стр. 122

сметка на интересот на финансиски моќните поединци, групи и корпорации.

На крајот на книгата авторот ја дава на увид платформата на „Заедничарското движење“ (The Responsive Communitarian Platform: Rights and Responsibilities), каде што на концизен начин се елаборирани ставовите на ова движење.

**Васил Плушкоски**